# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 5 мај 2000
Скопје
Број 34 Год. LVI

Претплатата за 2000 година изнесува 7.800 денари. Овој број чини 150 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

**1910.**

Врз основа на членовите 42 и 43 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" број 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 април 2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ИЗБОР НА СУДИИ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Собранието на Република Македонија огласува дека ќе врши избор на двајца судии на Врховниот суд на Република Македонија.

2. Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во Законот за судовите (државјанин на Република Македонија, кој ги исполнува општите услови предвидени со Законот за засновање на работен однос во орган на државната управа, кој е дипломиран правник со положен правосуден испит, кој ужива углед за вршење на судиската функција, кој е истакнат правен стручњак и кој има работно искуство со потврдени резултати на правни работи над 12 години), пријавата со потребните документи да ја поднесе до Републичкиот судски совет во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката во "Службен весник на Република Македонија".

3. Оваа одлука ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" и во весникот "Нова Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1833/1
26 април 2000 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

**1911.**

Врз основа на членовите 5 и 25 од Законот за јавното обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" број 80/92, 19/93, 9/94 и 9/96), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 април 2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ НА ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО СКОПЈЕ

1. За заменици на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје се именуваат:

Звонко Ристески, стручен соработник во Јавното обвинителство на Република Македонија,

Марко Зврлевски, адвокат од Скопје и

Искра Лазарова, стручен соработник на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1831/1
26 април 2000 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

**1912.**

Врз основа на членовите 5 и 25 од Законот за јавното обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" број 80/92, 19/93, 9/94 и 9/96), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 април 2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ НА ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО БЕРОВО

1. За заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Берово се именува:

Златко Биковски, адвокат од Берово.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1832/1
26 април 2000 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

**1913.**

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за заштита на растенијата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.04.2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ НА КОИ ЌЕ СЕ ВРШИ УВОЗ, ИЗВОЗ И ТРАНЗИТ НА РАСТЕНИЈАТА, РАСТИТЕЛНИТЕ ПРОИЗВОДИ И СРЕДСТВАТА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА

Член 1

За вршење на здравствена контрола на растенијата и растителните производи и контрола на средствата за заштита на растенијата при увоз и извоз во прометот преку државната граница се определуваат постојаните гранични премини:

Железничка станица Табановце, Аеродром Петровец - Скопје, Пошта Скопје, "Блаце" - Скопје, "Табановце" - Куманово" - "Деве Баир" - Крива Паланка, "Делчево" - Делчево, "Ново Село" - Струмица, "Богородица" - Гевгелија, "Стар Дојран" - Дојран, "Меџитлија" - Битола, "Ќафасан" - Струга, Аеродром Охрид и "Блато" - Дебар.

Член 2

За вршење контрола на растенијата, растителните производи и средствата за заштита на растенијата на транзитни пратки преку територијата на Република Македонија се определуваат да бидат постојаните гранични премини: "Богородица" - Гевгелија, "Ново Село" - Струмица, "Табановце" - Куманово, "Ќафасан" - Струга, "Железничка станица Табановце" - Куманово, "Деве Баир" - Крива Паланка, "Меџитлија" - Битола, "Делчево" - Делчево и "Блаце" - Скопје.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за определување на гранични премини на кои ќе се врши увоз, извоз и транзит на растенијата, растителните производи и средствата за заштита на растенијата ("Сл.весник на РМ" бр. 49/98, 1/99 и 52/99).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1878/1
25 април 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**1914.**

Врз основа на член 103 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 44/95, 34/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 април 2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ "БЕСА" С. ВЕШАЛЕ ТЕТОВО

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште "Беса" с. Вешале - Тетово, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 21 март 2000 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5974/1
25 април 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**1915.**

Врз основа на член 197, став 4 од Законот за органите на управата ("Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и "Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 април 2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ РАСПОРЕД НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Член 1

Со оваа одлука се определува распоредот на работното време во Министерството за труд и социјална политика.

Член 2

Новиот распоред на работното време се определува од 7,30 до 15,30 часот, а ќе почне да се применува од 5 мај 2000 година.

Член 3

За Републичкиот инспекторат за труд и установите за детска заштита и за одмор и рекреација на деца, министерот за труд и социјална политика може да определи поинаков распоред на работното време од распоредот утврден со член 2 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1986/2
25 април 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с. р.

**1916.**

Врз основа на член 103 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 34/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 април 2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ "ДИМКАТА АНГЕЛОВ - ГАБЕРОТ" - КАВАДАРЦИ

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште "Димката Ангелов - Габерот"- Кавадарци, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 8 февруари 1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-560/1
25 април 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**1917.**

Врз основа на член 103 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 34/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 април 2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ "СТАЛЕ ПОПОВ" С. ВИТОЛИШТЕ

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште "Стале Попов" с. Витолиште, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 9 февруари 1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1308/1
25 април 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**1918.**

Врз основа на член 184 од Законот за царините ("Службен весник на Република Македонија бр. 21/98 и 25/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.04.2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМАТА КОЈА МОЖЕ ДА ЗА УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Заводот за статистика на Република Македонија и тоа:

| Тарифен број | Тарифна ознака | Наименување | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8471 | | Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за преснимување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | | или неопфатени на друго место: | |
| | 8471 30 00 00 | -Портабл дигитални машини за автоматска обработка на податоци, со маса до 10 кг, што се состојат од најмалку една централна единица, тастатура и дисплеј | |
| | | а)Портабл компјутер | 1 парче |
| | 8471 50 | -Дигитални централни единици освен оние од тар.подброеви 8471 41 и 8471 49, кои содржат или не содржат во исто куќиште една или две од следниве единици: мемориски единици, влезни единици, излезни единици: | |
| | 8471 50 90 00 | -- Друго | |
| | | а)централна единица | 1 парче |
| | 8471 60 | - Влезни или излезни единици, што содржат или не содржат мемориски единици во исто куќиште | |
| | 8471 60 40 00 | ---Печатари | |
| | | а) принтер | 1 парче |
| | 8471 60 50 00 | ---Тастатури | 2 парчиња |
| | 8471 60 90 00 | ---Друго | |
| | | а) Глувче (маус) | 2 парчиња |
| | 8471 70 | -Мемориски единици: | |
| | 8471 70 51 00 | -----Оптички, вклучувајќи и магнето-оптички | |
| | | а) ЗИП дискета | 12 парчиња |
| | | б) ЦД ром | 12 парчиња |
| | 8471 70 59 00 | ------Друго | |
| | | а) ЦД драјв-екстерен | 1 парче |
| | | б)Интерен ЗИП деајв | 1 парче |
| | 8471 80 | -Други единици од машините за автоматска обработка на податоци: | |
| | 8471 80 90 00 | --Друго | |
| | | а) Хаб | 1 парче |
| 8473 | | Делови и прибор (освен прекривачи, куфери за машини и сл.) погодни за употреба исклучително или главно со машините од тар. бр. 8469 до 8472: | |
| | 8473 30 | - Делови и прибор на машини од тар. број 8471: | |
| | 8473 30 10 00 | --Електронски | |
| | | а) Мемориска картичка | 1 парче |
| | | б) Картичка | 2 парче |
| | | в) Електронска картичка | 1 парче |
| | 8473 30 90 00 | --Други | |
| | | а) Кертриџ со мастило за печатач (принтер) | 10 парчиња |
| 8524 | | Плочи, ленти и други снимени подлоги со звучни или други слични феномени, вклучувајќи матрици и галвански отпечатоци за производство на плочи, освен производите од Глава 37 | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | 8524 91 | --За репродукција на појави освен на звук или слика: | |
| | 8524 91 10 00 | ---Со снимени податоци или програми, од вид кои се употребуваат со машини за автоматска обработка на податоци | |
| | | а) Софтвер | 14 парчиња |
| | | Електронски интегрирани кола и микро-склопови: | |
| | | -Монолитни дигитални интегрирани кола: | |
| | 8542 14 | --Кола добиени со биполарна технологија: | |
| 8542 | | ---Мемории (Д-РАМс; | |
| | 8542 14 10 00 | С-РАМс; цацхе-РАМс; Е2ПРОМс; ФЛАСХ Е2ПРОМс; РОМс; ЦАМс; ФИФОс; ЛИФОс; и др.) | |
| | | а) РАМ меморија | 2 парчиња |
| 8544 | | [illegible]рана жица (вклучувајќи емајлирана или анодизирана жица), кабли (вклучувајќи и коаксијални кабли) и други изолирани електрични спроводници, со или без конектори; кабли од оптички влакна, изработени од поединечно оплаштени влакна, комбинирани или не со електрични спроводниици, со или без конектори: | |
| | | -Жица за намотки: | |
| | 8544 41 | --Со конектори: | |
| | 8544 41 90 00 | ---Други | 5 парче |
| | | а) Кабел | |
| 4202 | | Ковчези, куфери, несесери, аташе-куфери, актен-чанти, школски чанти, футроли за наочари, футроли за двогледи, футроли за фотоапарати, футроли за музички инструменти, футроли за пушки, футроли за пиштоли и слични контејнери; патни торби, тоалетни торби, ранци, женски чанти, торби за купување, портмонеа за банкноти, портмонеа за метални пари, футроли и корици за мапи или документи, табакери, кеси за тутун, торби за алат, спортски торби, торби за шишиња, кутии за накит, кутии за пудра, кутии за прибор за јадење и слични контејнери, од кожа или од вештачка кожа, од фолии од пластични маси, од текстилни материјали, од | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | | вулканфибер или од картон, или целосно или претежно прекриени со овие материјали или со хартија: | |
| | | --Друго | |
| | 4202 29 00 00а) | Торбица за портабл компјутер | 1 парче |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-1932/1
25 април 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**1919.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата ("Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и "Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКАТА ГЕОДЕТСКА УПРАВА

1. Се разрешува Панде Трајков од должноста советник на директорот на Републичката геодетска управа.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија

Бр. 17-1786/2
18 април 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**1920.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2000 година донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН ТЕАТАР-СКОПЈЕ

1. За вршител на должноста директор на Македонскиот народен театар - Скопје, се именува Бранко Цветкоски, писател и главен уредник на Издавачката куќа "Култура" - Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија"

Бр. 17-1913/2
18 април 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**1921.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 18 април 2000 година донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ДИРЕКТОР НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН ТЕАТАР-СКОПЈЕ

1. Владо Цветановски, се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Македонскиот народен театар - Скопје, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1925/1
18 април 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**1922.**

Врз основа на член 11 став 3 од Законот за управата за јавни приходи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

1. Се разрешува Сашко Станинов од должноста директор на Управата за јавни приходи, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1922/1
18 април 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**1923.**

Врз основа на член 11 став 3 од Законот за управата за јавни приходи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

1. За директор на Управата за јавни приходи се именува Тони Димитриоски, досегашен потсекретар во Министерството за финансии.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1923/1
18 април 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**1924.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата ("Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и "Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

1. Се разрешува Тони Димитриоски од должноста потсекретар во Министерството за финансии, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1924/1
18 април 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**1925.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата ("Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и "Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

1. За потсекретар во Министерството за локална самоуправа се назначува Бранко Поповски, дипл. правник.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1927/1
18 април 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**1926.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА НАРОДНАТА БИБЛИОТЕКА "ФЕТКИН" КАВАДАРЦИ

1. За вршител на должноста директор на Народната библиотека "Феткин" - Кавадарци, се именува Светлана Јосифова, професор.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1813/2
18 април 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**1927.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА "ИВАН МАЗОВ-КЛИМЕ" КАВАДАРЦИ

1. За вршител на должноста директор на Домот на културата "Иван Мазов-Климе" - Кавадарци се именува Душко Глигоров.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1952/1
18 април 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**1928.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА НАРОДНАТА МАТИЧНА БИБЛИОТЕКА "КОЧО РАЦИН" - КИЧЕВО

1. За вршител на должноста директор на Народната библиотека "Кочо Рацин" - Кичево се именува Флорика Манакоска, дипл. филолог.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1953/1
18 април 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**1929.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 април 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА - КРИВА ПАЛАНКА

1. За вршител на должноста директор на Домот на културата - Крива Паланка се именува Вања Јакимовска, дипл. економист.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1954/1
18 април 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**1930.**

Врз основа на член 17, став 2 од Законот за ветеринарното здравство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.04.2000 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО 2000 ГОДИНА

I

Средствата за здравствена заштита на животните од заразни болести во 2000 година се утврдуваат во износ од 190.000.000 и тоа од следните извори:

во денари

| | |
|---|---|
| 1. Средства од Буџетот на РМ | 190.000.000 |

II

Средствата утврдени во дел I на оваа програма се користат за:

во денари

| | |
|---|---|
| 1. Систематска и превентивна заштита-вакцинација од определени заразни болести на животните, согласно Наредбата за преземање мерки за заштита на животните од заразни болести во 2000 година. | 22.000.000 |
| 2. Земање, пакување и испраќање на материјал (крв и др.) за лабораториско испитување на заразни болести. | 40.000.000 |
| 3. Надомест за заклани или еутаназирани заболени животни, за нивниот транспорт до објектот за колење или местото за нештетно отстранување, трошоци за колење, трошоци за производство и надокнадување на репродуктивни грла. | 33.500.000 |
| 4. Трошоци за дезинфекција, дезинсекција и дератизација при искоренување на заразните и други болести кај животните. | 55.500.000 |
| 5. Обезбедување на залиха на вакцини, дезинфекциони и други средства за спречување, дијагностика и искоренување на заразните болести кај животните. | 1.500.000 |
| 6. Стручно усовршување на ветеринарните инспектори | 2.500.000 |
| 7. Опремување на ветеринарната инспекција за теренска работа и заштита при работа. | 4.000.000 |

| | |
|---|---|
| 8. Проучување на епизоотиолошката состојба, усвојување и воведување нови лабораториски методи за дијагностика и надзор, нови ветеринарно-медицински достигнувања, прописи, постапки и методи на стручно усовршување. | 11.000.000 |
| 9. Организирано ветеринарно-медицинско просветување на сопствениците на животни и издавање на брошури. | 1.500.000 |
| 10. Подготовка на епизоотиолошки студии за ризик од внесување на заразни болести од други држави и студија за економско оптимални мерки за сузбивање на заразните болести кај животните (епизоотиолошки испитувања, изработка на епизоотиолошки карти и ГИС - систем). | 7.500.000 |
| 11. Непредвидени мерки | 7.500.000 |
| 12. Материјални трошоци за спроведување на програмата. | 3.500.000 |

III.

Средствата од дел II точка 1 на оваа програма во износ од 22.000.000 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - вакцинација и сузбивање на антраксот кај коњите, говедата, овците и шушкавецот кај говедата | 2.500.000 |
| - вакцинација и сузбивање на класичната чума кај свињите, вклучувајќи ја и вонредната вакцинација при појава на заразата | 15.500.000 |
| - вакцинација и сузбивање на Њукастелската болест кај пернатата живина, вклучувајќи ја и вонредната вакцинација при појава на заразата | 4.000.000 |

IV.

Средствата од дел II точка 2 од оваа програма во износ од 40.000.000 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - земање, пакување и испраќање на материјал (крв и др.) за лабораториско испитување | 18.000.000 |
| - лабораториско испитување и дијагностика на заразни болести кај животните | 15.500.000 |
| - туберкулинизација и ретуберкулинизација кај говедата | 6.500.000 |

V

Средствата од дел II точка 3 на оваа програма во износ од 33.500.000 денари, ќе се користи за:

| | |
|---|---|
| - надомест за заклани или убиени бруцелозни овци, кози, говеда и свињи. | 12.500.000 |
| - надомест за заклани или убиени животни заболени од други заразни болести, чие убивање е наредено од страна на Управата за ветеринарство | 1.000.000 |
| - трошоци за транспорт до објектот за [illegible] отстранување | 1.000.000 |
| - кафилерија | 5.000.000 |
| - трошоци за производство на репродуктивни грла за надоместок за заклани или убиени животни | 4.000.000 |
| - обележување на животните | 1.000.000 |

VI.

Средствата од дел II точка 4 на оваа програма во износ од 55.500.000 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - дезинфекција, дезинсекција и дератизација при сузбивањето на заразните болести од член 82 точка 9 од Законот за ветеринарно здравство и тоа: на објектите за одгледување на животните (штали, трла и др.), просториите за колење на животни, на местото на убивање и нештетно отстранување на животните | 10.500.000 |
| - трошоци на граничните дезбариери | 45.000.000 |

VII.

Средствата од дел II точка 5 од оваа програма во износ од 1.500.000 денари, ќе се користи за:

| | |
|---|---|
| - залиха на вакцини | 400.000 |
| - залиха на дезинфекциони средства | 800.000 |
| - залиха на дезинсекциони средства | 300.000 |

VIII.

Средствата од дел II точка 6 од оваа програма во износ од 2.500.000 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - запознавање и едукација на ветеринарните инспектори со нови подзаконски акти и одлуки на ЕУ | 300.000 |
| - семинари за новите методи на контрола на прехранбените производи од животинско потекло | 500.000 |
| - стручно усовршување во земјата и странство | 700.000 |
| - набавка на стручна литература, цертификати и други формулари | 1.000.000 |

IX.

Средствата од дел II точка 7 од оваа програма во износ од 4.000.000 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - набавка на возила | 1.000.000 |
| - одржување на возниот парк и други трошоци | 1.500.000 |
| - опремување на ветеринарните инспектори за работа на терен и вршење на надзор | 1.500.000 |

X.

Средствата од дел II точка 8 од оваа програма во износ од 11.000.000 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - вирусолошки, бактериолошки и паразитолошки испитувања | 3.500.000 |
| - земање на материјал за испитување | 4.500.000 |
| - изготвување на законски и подзаконски акти | 500.000 |
| - воведување на нови лабораториски методи | 2.500.000 |

XI.

Средствата од дел II точка 9 од оваа програма во износ од 1.500.000 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - одржување на курсеви на сточари и сточарски здруженија | 1.000.000 |
| - печатење на стручни списанија | 500.000 |

XII.

Средствата од дел II точка 10 од оваа програма во износ од 7.500.000 денари ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| - изготвување на елаборат за улогата и организационата поставеност на ветеринарно-здравствената дејност на Република Македонија | 1.000.000 |
| - студија за економско оптимални мерки за сузбивање на бруцелозата во Република Македонија | 1.000.000 |
| - изработка на дигитални епизоотиолошки карти | 1.000.000 |
| - извршување на оперативниот план за формирање банка на серуми | 4.500.000 |
| - средства за членство во меѓународни организации | 1.000.000 |

XIII.

Средствата од дел III алинеја 1, 2 и 3, дел IV алинеја 1 и 3, дел V алинеја 5, дел VI алинеја 1, дел X алинеја 2, дел XI алинеја 1 на оваа програма ќе се исплатуваат по склучен договор меѓу министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и ветеринарните друштва во епизоотиолошките подрачја.

Средствата од дел VII алинеја 1, 2 и 3 на оваа програма ќе се исплатуваат на правно лице кое ги исполнува условите пропишани од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Средствата од дел V алинеја 4, 5 и 6 на оваа програма ќе се исплатуваат на правно лице кое ги исполнува условите пропишани од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Средствата од дел IV алинеја 2, дел X алинеја 1 и 4, дел XI алинеја 1 и дел XII алинеја 4 ќе се исплатуваат по склучен договор меѓу министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Ветеринарниот институт - Скопје.

Средствата од дел VIII алинеја 1, дел X алинеја 3, дел XI алинеја 2, дел XII алинеја 1 и 2 од оваа програма ќе се исплатуваат по склучен договор меѓу министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Факултетот за ветеринирна медицина.

XIV

Приоритет во спроведување на мерките на оваа програма ќе имаат епизоотиолошките подрачја доколку се појават заразни болести во поголем обем.

XV.

За спроведување на оваа програма се грижи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Доколку некоја мерка не биде извршена, а друга е извршена во поголем обем, пренамена на средствата може да врши министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рамките на вкупно предвидените средства по оваа програма.

XVI.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1882/1 — Претседател на Владата
25 април 2000 година — на Република Македонија,
Скопје — **Љубчо Георгиевски**, с.р.

**1931.**

Врз основа на член 98 од Законот за судовите ("Службен весник на РМ" бр. 36/95 и 45/95-исправка), министерот за правда донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА САМОСТОЈНИТЕ СУДСКИ СОВЕТНИЦИ, СУДСКИ СОВЕТНИЦИ, СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ, ПРИПРАВНИЦИТЕ И ДРУГИТЕ РАБОТНИЦИ ВО СУДОВИТЕ

Член 1

Во Правилникот за утврдување на критериумите за определување на бројот на самостојните судски советници, судските советници, стручните соработници, приправниците и другите работници во судовите ("Службен весник на РМ" бр. 25/96 и 37/99), во членот 4, точката г) се додава нова алинеја 3, која гласи:

"- најмалку три стручни лица од областа на информатичката технологија."

Во членот 4 по точката г), се додава нова точка д), која гласи:

"д) во апелационите судови и основните судови во кои е вградена информатичка опрема:

- по едно стручно лице од областа на информатичката технологија."

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-1266/1 — Министер за правда,
26 април 2000 година — м-р **Џевдет Насуфи**, с.р.
Скопје

**1932.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 19 април 2000 година, донесе

## ОДЛУКА

1. Се укинуваат:

а) член 7 став 1 алинеја 2 и член 40 став 1 алинеја 2 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/95, 51/97 и 29/98) и

б) член 2 став 1 алинеи 2 и 3 и член 9 од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање лиценци за вршење на авто-такси превоз во Град Скопје, донесен од Советот на Градот на 27 мај 1999 година;

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, на иницијатива на Славко Гелевски-адвокат од Скопје, во својство на полномошник на повеќе авто-такси здруженија и друштва од Скопје, со Решение У. бр. 170/99 од 1 март 2000 година поведе постапка за оценување уставноста на одредбите од Законот и Правилникот означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност со соодветните уставни одредби.

Доносителите на означените одредби не доставија одговор на наводите во Решението за поведување на постапката.

4. Судот, на седницата, утврди дека со член 7 став 1 алинеја 2 од Законот и со член 2 став 1 алинеја 2 од Правилникот се определува услов за вршење на јавен превоз да биде кандидатот да ги намирил јавните давачки кои му произлегле од вршењето на таа дејност. Со други зборови, оној што не ги намирил јавните да-

**1935.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на РМ" бр. 17/91), Републичката геодетска управа донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Брчево-Општина Луково.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Службен весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-2074/1
25 април 2000 година
Скопје

Директор,
дипл. правник **Ѓорѓи Лазески**, с.р.

---

**1936.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на РМ" бр. 17/91), Републичката геодетска управа донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Сујаклари-Општина Велес.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Службен весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-2075/1
25 април 2000 година
Скопје

Директор,
дипл. правник **Ѓорѓи Лазески**, с.р.

---

**1937.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на РМ" бр. 17/91), Републичката геодетска управа донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Ракотец-Општина Чашка.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Службен весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-2076/1
25 април 2000 година
Скопје

Директор,
дипл. правник **Ѓорѓи Лазески**, с.р.

---

**1938.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 17/91), Републичката геодетска управа донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Кочилари - Општина Градско.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 на ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-2077/1
25 април 2000 година
Скопје

Директор,
дипл. правник **Ѓорѓи Лазески**, с.р.

---

**1939.**

Врз основа на член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 17/91), Републичката геодетска управа донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите на катастарската општина Вранештица - Општина Вранештица.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 на ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-2099/1
25 април 2000 година
Скопје

Директор,
дипл. правник **Ѓорѓи Лазески**, с.р.

---

По извршеното срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 25/2000) се направени грешки, поради што се дава

**ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО
ОСИГУРУВАЊЕ**

1. Во насловот пред членот 12 "II. ПРАВА НА ПАРИЧНИ НАДОМЕСТОЦИ" наместо римскиот број "II" треба да стои римскиот број "III".

2. Во членот 95 наместо бројот "33" треба да стои бројот "34".

Број 10-1448/2
27 април 2000 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија

По извршеното срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" број 25/2000) е направена грешка, поради што се дава

### ИСПРАВКА НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

- Во членот 3 наместо зборот "односно" треба да стои сврзникот "и".

Број 10-1504/2
27 април 2000 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија

---

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ

Пред овој суд во тек е вонпроцесна постапка по предлог на предлагачите Добрица Крстеска, Дијана Крстеска и Ненад Крстески со полномошникот Миланка Стефковска адвокат од Скопје, за прогласување на исчезнато лице Шабан Таир од Скопје, со последна адреса на живеење на ул."Благоја Паровиќ" бр.66-2/2 за умрено.

Се повикува лицето Шабан Таир од Скопје, како и секое друго лице што знае за неговиот живот, или му е познато дека лицето исчезнало во земјотресот во Турска, во месец август 1999 година во Истанбул, да се јави на судот во рок од 3 месеци од објавувањето на огласот, или пак да ја даде точната адреса на живеење или престојување на исчезнатото лице. По истекот на тој рок исчезнатото лице ќе се прогласи за умрено откако ќе биде известен органот за старателство и јавниот обвинител на РМ.

Од Основниот суд Скопје II-Скопје,Впп.бр.32/2ооо.

(17276)

---

Пред овој суд во тек е постапка за расправање на оставината на сега умрената Марија Трајкова, бивша од Скопје, која починала на 18.VIII.1989 г., а по предлог на предлогот на Јавниот правобранител на Република Македонија.

Бидејќи не е познато дали сега умрена Марија Трајкова има наследници од прв, втор или друг законски наследен ред, се повикуваат сите лица кои полагаат право на наследство да се пријават во судот најдоцна по истекот на една година од денот на објавувањето на огласот. По истекот на тој рок ако не се јави ниту еден наследник оставината ќе биде предадена на државата Македонија, меѓутоа со тоа наследникот кој би се јавил и подоцна нема да биде лишен од правото да му се предаде оставината или делот што по законски му припаѓа.

Од Основниот суд Скопје II-Скопје, О.бр.1252/99.

(18102)

---

Пред Основниот суд Скопје II-Скопје се води постапка за утврдување на право на трајно користење на смјиш е, по у ба а на ту ителите На а Кочовска и Благоја Кочовски, обајцата од Скопје, против тужената Милена Булатовиќ од Ниш, СР Југославија, со непозната адреса на живеење.

Со решение на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на општините на град Скопје бр. 3020-274 од 20.04.2000 година, за привремен старател на тужената Милена Булатовиќ и е поставен адвокатот Стево Меновски од Скопје, ул."Пајко Маало"бр./6. Привремениот старател ќе ја застапува тужената во постапката во судот и ќе ги штити нејзините интереси се додека тужената, или нејзин полномошник не се јави во судот до правосилното окончување на спорот.

Од Основниот суд Скопје II-Скопје, IV П.бр.744/00.

(17344)

---

Пред овој суд е во тек постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Алесандро Салваторе Траина од Лесмо - Италија ул."Кaљо" бр.15, против тужената Нацире Реџеп - Траина од Шутооризари Скопје, сега со непозната адреса на живеење.

Со решение на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на општините на град Скопје бр.3020-270 од 19.04.2000 година за привремен старател на тужената и е поставен адвокатот Ристовски Мирче од Скопје, ул."Питу Гули" бр.55, кој до завршувањето на постапката ќе се грижи за заштита на нејзините интереси.

Се повикува тужената во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во судот. Во спротивно, нејзините интереси во постапката ќе ги заштитува привремениот старател адвокатот Ристовски Мирче.

Од Основниот суд Скопје II-Скопје, VIII.П.бр.8о8/00.

(18305)

---

Пред овој суд е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителот Ружди Рамадани на привремена работа во СР Германија, преку неговиот полномошник Славна Карапетковска, адвокат од Скопје, против тужената Ивона Рамадани, со непозната адреса.

Се повикува тужената да се јави во овој суд, во рок од 30 дена по објавувањето на огласот и во истиот рок да ја достави сегашната адреса на живеење.

Доколку не се јави во определениот рок ќе и биде поставен привремен старател кој ќе ги штити нејзините интереси до окончувањето на постапката или до нејзиното јавување во судот.

Од Основниот суд Скопје II-Скопје, II П.бр.882/2000.

(18286)

---

Пред Основниот суд Скопје II-Скопје се води постапка за доверување на малолетни деца и издршка по тужбата на тужителот Џазаир Ајети од с. Огњанци, Скопско против тужената Нацмије Ајети од с.Огњанци, сега со непозната адреса на живеење.

Со решение на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на општините на град Скопје бр.3020-265 од 24.04.2000 година, на тужената Нацмије Ајети и е поставен привремен старател, адвокатот Билјана Спасова од Скопје, ул."Васил Ѓоргов" бр.20/5-6, локал 10. Привремениот старател ќе ја застапува тужената во текот на постапката и ќе ги заштитува нејзините интереси до правосилното окончување на спорот, или додека таа лично или преку полномошник не се јави во судот.

Од Основниот суд Скопје II-Скопје, IV.П.бр.824/00.

(18605)

---

Во просториите на Основниот суд Скопје II – Скопје, кат 1, сала број 5, на ден 7.6.2000 година во 10 часот, ќе се одржи рочиштето за продажба на стан кој се

наоѓа на ул. „Коце Металец" бр. 9-2/8, со површина од 52,75 $m^2$ и гаража со површина од 15 $m^2$, на истата адреса во Скопје, кои се заедничка сопственост на предлагачите Стојановски Ѓорѓи, Стојановски Ацо, Коцеска Билјана и Стојановска Станојка и на противникот Стојановски Методи секој на по 1/5 идеална од станот по пат на јавно и усно наддавање.

Пазарната вредност на станот на горенаведената адреса изнесува 24.097,00 DM додека вредноста на гаражата изнесува 2.988,00 DM, во противвредност во денари по средниот курс на марката на денот на исплатата кој го одредува Народна банка на РМ.

Сите заинтересирани правни и физички лица должни се до денот на закажаната продажба на име гаранција на депонираат на име судски депозит износ од 10% од утврдената почетна цена за лицитација.

Од Основниот суд Скопје II – Скопје, ВПП бр. 154/98.

## ОСНОВЕН СУД ВО ГОСТИВАР

Пред Основниот суд во Гостивар заведен е спор за развод на брак, по тужбата на тужителот Билали Арменд од с.Балиндол, а против тужената Билали род. Асани Ханифе од с.Дебреше, сега со непозната адреса на живеење.

За привремен застапник на тужената и е поставен стручниот соработник Алији Елјеса, која ќе ја застапува тужената во постапката, се додека таа или нејзин полномошник не го извести судот дека назначил старател.

Од Основниот суд во Гостивар, П.бр.171/97. (18281)

---

Пред овој суд по предлог на предлагачот Мехмеди Хазби од с.Балиндол, се води постапка за докажување на смртта на лицето Мехмеди Арун роден на 27.04.1912 година во с.Балиндол, од татко Мемеди Целадин и мајка Мемеди Тајше.

Се повикува лицето Мехмеди Арун да се јави во рок од 15 дена од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" и на огласната табла во Основниот суд во Гостивар. Исто така се повикуваат и сите оние кој што нешто знаат за неговиот живот тоа да му го соопштат на судот, а по истекот на рокот ова лице ќе се прогласи за умрено.

Од Основниот суд во Гостивар, П.бр.75/2000. (18282)

## ОСНОВЕН СУД ВО КОЧАНИ

Пред Основниот суд во Кочани е поднесена тужба за измена на пресуда во делот за чување и доделување на деца по тужбата на тужителката Есма Салиова од Кочани, против тужениот Рејан Салиов од Кочани, сега на привремена работа во Германија, со непозната адреса.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во судот или определи свој полномошник. Во спротивно, судот за привремен застапник на тужениот ќе го определи Благојчо Стоименов, стручен соработник во Основниот суд во Кочани, кој ќе ги застапува интересите на тужениот до окончувањето на постапката.

Од Основениот суд во Кочани, П.бр.466/99. (18085)

---

Пред Основниот суд во Кочани е поднесена тужба за развод на брак по тужбата на тужителката Јагодка Николова Јангелова од с.Мојанци, против тужениот Стојанчо Николов, нас. Оризари- Кочани, сега со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот 60.000,оо денари.

Се повикува тужениот да се јави во Основниот суд во Кочани или да постави свој олномошник кој ќе ги штити неговите права и интереси во рок од 15 дена од објавувањето на огласот. Во спротивно, ќе му биде поствен привремен застапник кој ќе ги штити неговите права и интереси до окончувањето на постапката.

Од Основниот суд во Кочани, П.бр.164/2000.(18284)

---

Во Основниот суд во Кочани поднесена е тужба за сопствност по тужбата на тужителот Александар Божинов, против тужените Никола Митевски и Киро Стоименов и двајцата од Кочани. Исто така од страна на тужените како вмешувачи се јавија и Гајиќ Станоје од Крушевац- -Југославија и Јордан и Божана [illegible] ство со непозната адреса.

Се повикуваат вмешувачите: Гајиќ Станоје и Јордан и Божана Наунови, да се јават во Основниот суд во Кочани или си постават свој полномошник кој ќе ги застапува нивните интереси во рок од 30 дена сметано од денот на објавувањето на огласот. Доколку во определениот рок не се јават и не постават свој полномошник, од страна на судот ќе им биде поставен привремен застапник кој ќе ги застапува интересите во постапката.

Од Основниот суд во Кочани, П.бр.462/91. (18287)

## ОСНОВЕН СУД ВО КУМАНОВО

Пред Основниот суд во Куманово е поведена постапка за развод на брак, по тужбата на тужителот Алији Арион од с.Лојане, против тужената Алији Бељгиљ од с.Лојане, сега со непозната адреса на живеење.

За привремен застапник на тужената и се поставува, адвокатот Живко Арсовски од Куманово, кој ќе ја застапува во оваа постапка пред судот се додека тужената, или нејзиниот полномошник не се појават пред судот.

Од Основниот суд во Куманово, П.бр.228/2000. (17375)

---

Пред овој суд се води вонпарнична постапка по предлог на предлагачот Александар Цветковиќ од с. Режановце, за утврдување на смртта на лицето Санда Цветковиќ од с.Режановце.

Од Основниот суд во Куманово, Р.бр.42/2000. (17398)

---

Пред Основниот суд во Куманово се водат постапки за надомест на штета и сопственост на стан по тужбите од страна на малолетните тужители Далибор и Емилија Димитријевиќ од с.Режановце и Трајко и Загорка Илиевски од с.Режановце, зас-тапувани од адвокатот, Димче Јакимовски од Ку-маново против тужените Димитријевиќ Милован од с. Старо Нагоричане на привремена работа во Австрија со непозната адреса. Вредност на спорот 1.000.000 денари.

Се повикува тужениот да се јави во судот или да одреди полномошник кој ќе го застапува во постапка, [illegible] упот, или не с појави негов полномошник, за привремен застапник кој што ќе го застапува, се назначува Соларски Зоран адв кат од Куманово.

Од Основниот суд во Куманово, П.бр.1050/95 и П.бр.1051/95. (18844)

## ОСНОВЕН СУД ВО РЕСЕН

Пред овој суд во тек е постапка за долг по тужбата на тужителот Божин Трајчевски од с.Стење, против тужените Зидаро Фаседњар "Нова Градба" од с. Герман - Крива Паланка и Трајче Дончевски од Охрид, сега со непозната адреса на живеење, за долг, вредност 140.000,00 денари.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена, од денот на објавувањето на огласот, на судот да му се достави точна адреса или да му одреди свој полномошник. Во спротивно, судот по службена должност ќе му постави привремен застапник кој ќе ги застапува неговите права и интереси се до окончувањето на постапката пред овој суд.

Од Основниот суд во Ресен.П.бр.157/98. (18086)

## ОСНОВЕН СУД ВО СТРУМИЦА

Пред Основниот суд во Струмица се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Трајкова Катерина, од с.Сушица, против тужениот Трајков Боби од с.Сушица, а сега со непозната адреса Вредност на спорот 60.000 денари.

За привремен застапник на тужениот се назначува Лора Ѓорѓиева, службен соработник во Основниот суд во Струмица.

Се повикува тужениот да се јави во рок од 15 дена на објавувањето на овој оглас.

Од Основниот суд во Струмица.П.бр.817/2000. (17644)

## ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

